Правилник за видовите на биостимулатори, постапката и документите за класификација на новиот биостимулатор во одреден вид, начинот на означување и идентификација, содржината на физиолошки активните компоненти и хранливи елементи, минимални и максимални количества на физиолошки активните компоненти и хранливи елементи и примеси во биостимулаторите (*)

Службен В. на Р.М. бр: 106/2011 од 04.08.2011

Влегува во сила на: 05.08.2011

Извор: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 13 став 3 од Законот за ѓубрињa ("Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 20/09 и 17/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе.

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ВИДОВИТЕ НА БИОСТИМУЛАТОРИ, ПОСТАПКАТА И ДОКУМЕНТИТЕ ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА НОВИОТ БИОСТИМУЛАТОР ВО ОДРЕДЕН ВИД, НАЧИНОТ НА ОЗНАЧУВАЊЕ И ИДЕНТИФИКАЦИЈА, СОДРЖИНАТА НА ФИЗИОЛОШКИ АКТИВНИТЕ КОМПОНЕНТИ И ХРАНЛИВИ ЕЛЕМЕНТИ, МИНИМАЛНИ И МАКСИМАЛНИ КОЛИЧЕСТВА НА ФИЗИОЛОШКИ АКТИВНИТЕ КОМПОНЕНТИ И ХРАНЛИВИ ЕЛЕМЕНТИ И ПРИМЕСИ ВО БИОСТИМУЛАТОРИТЕ ()

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат видовите на биостимулатори, постапката и документите за класификација на новиот биостимулатор во одреден вид, начинот на означување и идентификација, содржината на физиолошки активните компонентии и хранливи елементи, минимални и максимални количества на физиолошки активните компонентии и хранливи елементи и примеси во биостимулаторите.

### Член 2

Биостимулаторите се физиолошки активни органски материи со ниска содржина на хранливи елементи, од природно или синтетичко потекло (хормони, витамини, аминокиселини, хумусни киселини и сл.) збогатени со макро и микро елементи кои во соодветни услови имаат стимулативно дејство на поединечни физиолошко-биохемиски процеси во поединечни фази од развојот на растението.

### Член 3

Во зависност од составот на елементите биостимулаторите се делат на :
1) Биостимулатори кои содржат макро елементи;
2) Биостимулатори кои содржат микро елементи и
3) Биостимулатори кои содржат макро-микро елементи.

### Член 4

Класификацијата на новиот биостимулатор, се врши по поднесено барање до Фитосанитарна управа во кое се наведуваат податоците за:
- заштитното име на биостимулаторот;
- видот на новиот биостимулатор;

- производителот на биостимулаторот;
- називот и седиштето на биостимулаторот и
- стабилноста на ѓубрето (начин на пакување и складирање заради задржување на квалитетот ).

() Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр.889/2008 од 5 септември 2008 год. со која се утврдуваат правилата за спроведување на Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 834/2007 за органско производство и етикетирање на органските производиво однос на органското производство, етикетирање и контрола CELEX бр. 32008R0889.

Кон барањето од став 1 на овој член се поднесува следната документација :
-извештај од овластената лабораторија;
- декларација на биостимулаторот и
- упатство за употреба издадено од производител на биостимулаторот.

## Член 5

По спроведената класификација, новиот биостимулатор се означува со етикета која содржи ознака за:
- трајност (за задржување на трајност, биостимулатор се чува на температура до 40С);
- токсичност (влијание врз здравје на човекот, животните и пчелите);
- каренца (за биопрепарат) ;
- работна каренца;
- толеранција и
- вид на амбалажата.

## Член 6

Новиот биостимулатор се идентификува според:
1) името на новиот биостимулатор;
2) типот на биостимулаторот;
3) составот на макро и микро хранливите елементи на биостимулаторот;
4) бруто и нето маса на задолжителните и незадолжителните макро и микро елемнти на новиот биостимулатор;
5) бројните вредности од аналитички методи;
6) утврдената ефикасност на биостимулаторот и
7) упатството за складирање и употреба на биостимулаторот.

## Член 7

Минималните количества на физиолошки активните компоненти во биостимулатор се 150g/ml, додека максималните количества се до 200 g/ml, во зависност од развојните фенофази на растенијата.

Хранливите микро и макро елементи кои се додаваат заедно со биостимулаторот треба да бидат најмалку 10% од вкупните количини на биостимулатор за микро елементи, а најмногу до 50% од вкупните количини на биостимулаторот за макро елементи.

## Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 17-262/7 Министер за земјоделство, јули 2011 година шумарство и водостопанство, Скопје Љупчо Димовски, с.р.